SYSTASIS
ISSN 1857-5129
● Е-списание на Здружението на класични филолози „Антика“

РЕЦЕНЗИРАНО: 20.09.2026; 17.09.2026

Анастас Ѓ. Таховски и „Перикле“: Историска интерпретација и преведувачка посредуваност

Дарин Ангеловски

Институт за македонска литература
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
d.angelovski@iml.ukim.edu.mk
https://orcid.org/0000-0003-3401-4577

Светлана Кочовска-Стевовиќ

Институт за класични студии
Филозофски факултет
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
svetlana.kocovska@fzf.ukim.edu.mk
https://orcid.org/0000-0003-4930-5932

АПСТРАКТ

Трудот ја истражува новооткриената архивска единица „Перикле“ од класичниот филолог Анастас Ѓ. Таховски од Фондот „Блаже Конески“ при Архивот на Македонската академија на науките и уметностите, со посебен акцент на нејзината структура, на историско-интерпретативната рамка и на преведувачката постапка и посредуваност. Единицата се состои од авторски историски приказ на времето на Перикле и избор од извори, односно преводи на фрагменти од „Животописот на Перикле“ од Плутарх и од „Историјата на Пелопонеската војна“ од Тукидид.

Анализата на првиот дел покажа историска реконструкција на времето на Перикле со богат фактографски материјал, организиран во политички, економски и културни контексти според историографските конвенции својствени за образовниот хоризонт од средината на XX век. На тој начин, реконструкцијата на историската отсечка станува увод во изборот и организацијата на изворниот материјал приложен во вториот дел.

Компаративната анализа на преводите покажа дека, при преведувањето, Таховски се служел со постоечки преводи на современи јазици како дополнително преведувачко помагало. Преводот на деловите од Плутарх се доведуваат во врска со францускиот превод на Рикар, додека кај преводот на избраните делови од „Историјата" на Тукидид се констатира значајна зависност од хрватскиот превод на ова дело од Стјепан Телар од 1957 година. Совпаѓањата во формулациите, лексичките и синтаксичките решенија, како и пренесените преводни отстапувања, заедно со грешките, ја овозможуваат реконструкцијата на посредничките преводни слоеви како увид во преведувачките акции на Таховски.

Резултатите од истражувањето овозможија архивската единица „Перикле" да се согледа не само како сведоштво за преведувачката дејност туку и како сведоштво за образовната идеја во која историската синтеза, изборот на изворите и нивното преведување се тесно поврзани. Според тоа, оваа архивска целина, иако останала необјавена, го отвора поширокото прашање за начините на кои античката историографија била приопштувана во македонската културно-образовна средина од средината на XX век.

Клучни зборови: Анастас Ѓ. Таховски, „Перикле", Плутарх, Тукидид, историска интерпретација, преведувачка посредуваност, античка историографија, архивски материјал

1. Увод

Трудот „Анастас Ѓ. Таховски и 'Перикле': Историска интерпретација и преведувачка посредуваност" понудува дополнување на досегашните сознанија за преведувачката дејност на класичниот филолог Анастас Ѓ. Таховски (*с.* 1920 – *с.* 1980) преку анализа на новооткриената архивска единица со наслов „Перикле", пронајдена во Фондот „Блаже Конески" при Архивот „Харалампие Поленаковиќ" на Македонската академија на науките и уметностите[1]. Целта на истражувањето е да ги прошири сознанијата за интересот што Таховски го

[1] Архивската единица со наслов „Перикле" беше откриена при истражувањето на необјавените дела на Блаже Конески во рамките на проектот „Виртуелен музеј *Конески*" како проект на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" под раководство на Руска Ивановска-Наскова, во којшто учествуваат научни и стручни работници од: Филолошкиот факултет „Блаже Конески", Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ), Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков", Институтот за македонска литература и Факултетот за електротехника и информациски технологии (Ивановска-Наскова и др. 2026).

прojавувал за делата од античката историографија и нивното преведување на македонски јазик. Во таа насока истражувањето обрнува внимание на односот што го воспоставува Таховски кон историско-биографскиот материјал и на анализа на преведениот избор на необјавените делови од „Животописот на Перикле“ од Плутарх и од „Историјата“ на Тукидид од кои е составена архивската целина „Перикле“.

Станува збор за прилог од областа на античката историографија, изготвен не подоцна од средината на седумдесеттите години од минатиот век, со обем од вкупно 20 страници машински исчукан текст во формат А4, организиран во два дела, со поправки од авторот Таховски. Првиот дел (1–14 стр.) претставува историски приказ на времето на Перикле. Вториот дел (15–20 стр.) со наслов „Нешто од изворите“ содржи избор од „Животописот на Перикле“ од Плутарх и избор од говорот на Перикле од делото „Историја“ на Тукидид.

Оваа архивска целина, заедно со преводот на трагедијата „Октавија“ од Сенека и преводот на текстот со наслов „Трговија со македонски пленици од XIV век (Од студијата на Константин Мерџос: Извори за македонската историја)“, е заведена во Фондот „Блаже Конески“ при Архивот „Харалампие Поленаковиќ“ на Македонската академија на науките и уметностите под сигнатурата БК 246.

Нејзиното пронаоѓање ги збогатува нашите претстави за интересот на Таховски за делата од античката историографија. Истовремено, таа библиографски го дополнува обемот на досега познатиот корпус на преведени, но необјавени дела на класичниот филолог Анастас Ѓ. Таховски, кои денес се сметаат како први импулси во прифаќањето на историографски дела на македонски јазик. Овој книжевен корпус се состои од необјавениот превод на избор од Херодотовата „Историја“ и необјавениот превод на две писма од римскиот прозаист Гај Плиниј Кајкилиј Секунд (Gaius Plinius Caecilius Secundus), попознат како Плиниј Помладиот, кои, заедно со другите необјавени преводи на Таховски, се чуваат во Фондот „Анастас Таховски“ при Архивот на МАНУ (Ангеловски 2021: 160).

Изборот и реализацијата на преведувачките постапки применети во новооткриената архивска целина со наслов „Перикле“ соодветствува со преведувачката методологија со која се служел Таховски при приопштувањето на избори од други дела од античката историографија на македонски јазик. Во уводната белешка кон необјавениот превод на Херодотовата „Историја“, Таховски, меѓу другото, информира за скратувањата што ги презел при преведувањето на делото со цел да се избегнат оние места што предизвикувале замор од текстот и кои ги сметал како излишни оптоварувања. Ваквата методолошка поставеност

резултира како избор од поинтересните глави и места и таа е карактеристична и за единствениот објавен превод на дело од античката историографија – „Животописот на Александар“ од Плутарх (Таховски 1973). Оваа методологија е применета како преведувачка постапка и во новата архивска единица „Перикле“, која овозможува подетално да се согледа природата на неговиот интерес за делата од античката историографија според начините на кои се реализирани избраните преводи на делата и организацијата на биографско-историската синтеза што им претходи на преводите.

2. Историскиот приказ на времето на Перикле од Анастас Ѓ. Таховски

Занимавајќи се со „ликот“ на Перикле, Таховски најнапред воспоставува реконструкција на историскиот свет во кој потоа ги поставува преводите на избраниот материјал. Оттука е и разбирливо што првиот историски дел од архивската целина „Перикле“ е пообемен од вториот дел во кој е претставен изборот на преводи од делата на Плутарх и од Тукидид.

Изложувањето започнува со опис на атинското политичко уредување. Како негови особености се наведуваат непосредното учество на граѓаните во управувањето, влијанието на народното собрание, улогата на политичките водачи, остракизмот и можноста истакнатите државници да бидат отстранети или судени. Политичката историја е претставена како судир меѓу „аграрно-конзервативната“ аристократија и „трговско-поморската-прогресивна“ демократија. Во таа схема Темистокле, Ефијалт и Перикле се поставени на страната на демократскиот и поморски развој, додека Кимон и неговите приврзаници се поврзуваат со аристократската и проспартанска струја.

Следува преглед на настаните по Грчко-персиските војни: атинската експедиција во Египет, судирите со Пелопонескиот сојуз, односите со Спарта, мирот со Персија и претворањето на Делскот сојуз во атинска поморска држава. Посебно место зазема пренесувањето на сојузната благајна од Делос во Атина и употребата на сојузните приходи за атинските јавни градби.

Во описот на внатрешното уредување се обработуваат народното собрание, Советот на петстотемина, хелиајата, архонтите, плаќањето за вршење јавни функции, театарските надоместоци, клерухиите, литургиите и приходите на државата. Демократијата е определена како „робовладетелска демократија“, односно како политички систем што ги опфаќал полноправните машки граѓани, но ги исклучувал жените, странците и робовите.

Економскиот дел опфаќа податоци за трговијата, занаетчиството, работилниците, робовскиот труд, даноците и урбанизацијата. Изразите „работилници со фабрички карактер“, „трговско-поморска-прогресивна партија“ и „реакционерни аристократски уредувања“, како и политичките ознаки „умерен центар“ и „крајна левица“, не произлегуваат од античките извори. Тие му припаѓаат на современиот историографски и педагошки речник преку кој античките политички групирања се објаснуваат со категории преземени од поновата политичка историја.

Во истиот контекст се цитира и ставот на Карл Маркс дека „најголемиот внатрешен расцут во Грција се совпаѓа со епохата на Перикле“, а вредноста на еден талант се споредува со „4 500 предвоени рајхсмарки“. Овие елементи го сместуваат составувањето на текстот во образовниот и во историографскиот хоризонт од средината на XX век.

Во продолжение се разгледуваат понтската експедиција на Перикле, обезбедувањето со жито, основањето на Турij и предлогот за свикување панхеленски конгрес. Потоа се опишува културниот круг околу Перикле, со Аспасија, Анаксагора и други интелектуалци, како и градителската програма на Акропол: Партенонот, Пропилеите, Одеонот и статуата на Атена изработена од Фејдија.

Завршниот дел од историскиот преглед е посветен на: причините за Пелопонеската војна, стратегијата на Перикле, повлекувањето на населението зад Долгите ѕидови, спартанските пустошења на Атика, поморските акции на Атина, епидемијата, привременото отстранување на Перикле од должноста стратег, неговото повторно избирање и смртта.

Според тоа, првиот дел од трудот претставува синтеза на историските факти низ визурата на авторот – приредувач на уводната белешка. Оттука се поставува прашањето како Таховски, занимавајќи се со времето на Перикле, ја претставува историската рамка на овој период. Што е тоа што го избира, како го организира материјалот, каков читател претпоставува и можеби најважното од сè: како овој авторски приказ го подготвува теренот за преводите што следат.

Во тие насоки веднаш може да се забележи поставеноста на богатото фактографско јадро на историскиот испис во аналитичката рамка својствена за потребите на образовниот процес од периодот на втората половина на XX век. Вака организираната методологија на текстот го претставува времето на Перикле како линеарен судир меѓу „прогресивната демократија“ и „реакционерната аристократија“, а самиот Перикле како главен носител на политичкиот, економскиот и културниот развој. Претставувањето на политичкиот и економскиот развој ги посочува Атинскиот поморски сојуз и атинските трговски политики како прогресивни, а земјопоседничката аристократија и спартанската држава како реакционерни или

конзервативни структури. Општествените групи се прикажани како хомогени класи, иако во практика интересите на земјопоседниците, трговците, занаетчиите и богатите граѓани се преклопувале. Сето тоа укажува на отсуството на историски извори со поинаква доказна вредност какви што се епиграфските споменици, археолошките наоди, даночните списоци итн. Според тоа, при организирањето на историско-биографскиот материјал за Перикле, многу е возможно Таховски да се служел со делото *Древная Греция* како колективен труд на поголем број советски историчари и археолози, објавен под редакцијата на В. В. Струве во издание на Академијата на науките на СССР во 1956 година[2].

Во однос на изборот да ги преведе поинтересните делови од „Животописот на Перикле" од Плутарх, како и во однос на изборот да ги преведе деловите од говорот на Перикле од делото „Историја" од Тукидид, веројатно е Таховски да бил повлијаен од тритомната *Хрестоматия по истории древнего мира* под редакција на В. В. Струве, објавена во 1950 – 1953 година. Вториот том од ова издание, *Греция и эллинизм*, објавен во 1951 година, содржи преводи на руски јазик на извадоци од Херодот, Тукидид, Ксенофонт, Аристотел, Полибиј, Диодор, Плутарх и од други грчки автори. Во неа се поместени куси извадоци и од делата на Плутарх, а меѓу нив има и еден извадок од биографијата на Перикле (*Per.* 16) во превод на В. С. Соколов (стр. 165–166)[3].

3. Избор на преводите од Плутарх и Тукидид

Втората целина (стр. 14–20) носи наслов „Нешто од изворите". Се состои од три текста: „Плутарх, биографија на Перикле" (стр. 14–19), „Од историјата на Тукидид: Говорот на Перикле" (стр. 19–20) и „Мислењето на Тукетид (sic!) за Перикле" (стр. 20). На повеќе места во ракописот се забележуваат коректорски интервенции внесени со молив. Сепак, текстот не поминал низ целосна завршна коректура и, како што е очигледно од насловот на третиот текст во оваа целина, од него не се отстранети сите печатни и други грешки[4].

Првиот текст, „Плутарх, биографија на Перикле" (стр. 14–19), е составен од преведени и парафразирани фрагменти од животописот *Περικλῆς* („Перикле"), поместен во Плутарховата збирка *Βίοι Παράλληλοι* („Напоредни животописи"). Во стандардните изданија текстот на животописот е поделен на 39 глави и е

[2] Види Struve (1969).

[3] Види Струве (1951).

[4] Името на Тукидид, на пример, се среќава во варијантите Тукидит и Тукетид.

приближно десетпати пообемен од текстот на Таховски[5]. И покрај очигледната разлика во обемот, текстот на Таховски функционира како континуиран приказ на животот на Перикле. Тоа се должи на тоа што, и покрај бројните изоставувања, тој е организиран во тематски единици типични за животописот како жанр: текстот започнува со податоци за потеклото и за образованието на Перикле, опфаќа епизоди од неговиот јавен и приватен живот и завршува со болеста и смртта на Перикле.

Текстот содржи триесет тематски единици со релативно мал обем. Секоја е нумерирана, но со броеви што не се совпаѓаат со броевите со кои се означени главите во стандардните изданија на изворниот текст. Од 14 до 17 страница тематските единици се нумерирани со римски броеви (III–V, VIII–XII, XV–XVIII, XXI–XXVII, XXX, XXXVI и XXXVIII), а од 18 до 19 страница со арапски (47, 49, 52–53, 55–58). Тематските единици се составени на различни начини: некои претставуваат компилација од податоци содржани во иста или во различни глави од изворникот, други содржат податоци од само еден пасус од одделна глава, а во одделни случаи избраните делови од една глава се распределени во повеќе тематски единици. Првата тематска единица (III), на пример, е составена од избрани генеалошки податоци од *Per.* 3.1 и 3.2[6]; во IV се поврзани одделни искази за учителите на Перикле Дамон и Зенон од *Per.* 4.1, 4.2 и 4.5; третата тематска единица (V) го обединува приказот на влијанието на Анаксагора врз Перикле од крајот на четвртата и од почетокот на петтата глава (*Per.* 4.6–5.1); некои тематски единици се темелат само врз одделна реченица во изворниот текст, како што е случајот со тематската единица XI, чија содржина во целост се темели врз *Per.* 8.6; избрани делови од содржината на тринаесеттата глава на изворникот се распоредени во три тематски единици:

[5] Приближната споредба на обемот е направена врз основа на бројот на страниците во изданието на Бернадот Перин: *Plutarch, Lives*, vol. III: *Pericles and Fabius Maximus. Nicias and Crassus*, trans. Bernadotte Perrin, Loeb Classical Library 65 (William Heinemann – G. P. Putnam's Sons, London – New York, 1932 [прво издание 1916]), 2–115, во кое грчкиот текст на животописот зафаќа 57 страници (парните стр. 2–114).

[6] Тематската единица III претставува кондензирана преработка на *Per*. 3.1–2, при што податоците од изворникот не се преведени последователно. Плутарх наведува дека Перикле ѝ припаѓал на филата Акамантида и на демата Холарг и дека по обете родителски линии потекнувал од угледно семејство (*Περικλῆς γὰρ ἦν τῶν μὲν φυλῶν Ἀκαμαντίδης, τῶν δὲ δήμων Χολαργεύς, οἴκου δὲ καὶ γένους τοῦ πρώτου κατ᾽ ἀμφοτέρους*, *Per*. 3.1). Во преводот се изоставени податоците за филата и за демата, а исказот *κατ᾽ ἀμφοτέρους* е стеснет на потеклото по мајчина линија. Формулацијата „Перикле се родил во родот на Алкмеонидите“ нема непосреден еквивалент во наведениот грчки исказ, додека реченицата „По мајка водел потекло од најславните родови атински“ кондензира податоци од *Per*. 3.1–2. Во изворникот мајчиното потекло е претставено преку веста дека Ксантип се оженил со Агариста, внука на Клејстен (*Ξάνθιππος γὰρ ὁ νικήσας ἐν Μυκάλῃ τοὺς βασιλέως στρατηγοὺς ἔγημεν Ἀγαρίστην Κλεισθένους ἔγγονον*, *Per*. 3.2); имињата на Ксантип, Агариста и Клејстен, како и победата на Ксантип кај Микала, се целосно изоставени.

XXI (*Per.* 13.6–7), XXII (*Per.* 13.9 и 13.11–13) и XXIII (*Per.* 13.14–15). Издвојувањето на одделни делови од изворникот и веројатно стремежот за нивно поврзување во целина што ќе функционира како континуиран приказ на животот на Перикле резултирале со, од една страна, значителна редукција на Плутарховиот текст[7] и, од друга страна, со вметнување реченици што воопшто ги нема во текстот на изворникот[8]. Накусо, зачувано е основното биографско јадро, но текстот на Плутарх е значително преобразен.

Броевите со кои се означени тематските единици упатуваат на тоа дека Таховски не се служел со стандардно издание на изворниот текст, туку со некое издание со поинаква поделба на текстот. Потрагата по такво издание го насочи нашето внимание кон францускиот превод на Доминик Рикар. Преводот на Рикар[9] е поделен во 60 глави, кои содржински се совпаѓаат со тематските единици означени со ист број во текстот на Таховски. На зависноста на текстот на Таховски од Рикаровиот превод упатуваат, пред сè, совпаѓањата во грешките и некои преводни решенија што се чини дека се влијание на Рикар. Заедничките отстапки од изворникот се најиндикативни. Тука ќе укажеме на некои од нив. На едно место Плутарх вели дека Перикле ја надгледувал изградбата на Одеонот: *...ἐπιστατοῦντος καὶ τούτῳ Περικλέους* (*Per.* 13.9); во преводот на Рикар, наместо

[7] Од текстот на преводот се целосно изоставени содржините на цели глави (Plut. *Per.* 1–2; 6; 17, 19–23; 25–26; 28–30; 35 и 39), одделни книжевни цитати (*Per.* 3.5–7; 4.4–5), различни или спротивставени сведоштва (*Per.* 4.1; 27.3–4), анегдоти (*Per.* 5.2; 13.3) и интерпретативни коментари (*Per.* 6.4–5; 13.16), а изоставени се и формулациите со кои Плутарх ја определува сигурноста на информацијата (*ἔοικεν* и *ὡς ἔοικε* од *Per.* 4.2, 5.1 и 38.1). Меѓу позначајните изоставени содржини се образложението на Плутарх на целта на животописот и на напоредното претставување на Перикле и на Фабиј Максим (*Per.* 1–2), сонот на Агариста дека ќе роди лав и описот на необично издолжената глава на Перикле (*Per.* 3.3–4), приказот за влијанието на Анаксагора врз неговото ослободување од суеверието, илустриран со различните толкувања на еднорогиот овен што ги даваат гатачот Лампон и Анаксагора (*Per.* 6). Не се пренесени ни предлогот за свикување панхеленски конгрес во Атина (*Per.* 17), походите на Херсонес, Пелопонез и Понт и настаните поврзани со Делфи, Евбоја и Мегара (*Per.* 19–23), причините за Самоската војна и почетните воени операции (*Per.* 25–26), предавањето на Самос и сведоштвото на Дурис за постапувањето со поразените Самјани (*Per.* 28), разгледувањето на причините за Пелопонеската војна (*Per.* 29–30), епизодата со затемнувањето на Сонцето и подоцнежното отстранување на Перикле од должноста стратег (*Per.* 35), ниту завршната Плутархова оценка за неговиот карактер и начинот на владеење (*Per.* 39).

[8] На пример: „Перикле се родил во родот на Алкмеонидите“ (III); „Својата идна брачна другарка Аспасија ја запознал во војната против островот Самос“ (XXXVI); „Самиот Перикле по копнен пат, премина во Лакедемон“ (52).

[9] Преводот на Рикар првпат е објавен во 1799, а во текот на XIX век бил повеќепати преиздаван, вклучително и во изданија означени како *nouvelle édition* или *traduction de Ricard, revue et corrigée*. Изданието што го имавме на увид и што го цитираме овде е од 1843 година (Plutarque, *Les Vies des hommes illustres,* traduites en français, précédées de la *Vie de Plutarque*, par Ricard, t. I, Didier, libraire-éditeur; Lefèvre, libraire, Paris, 1843, 385–431).

дека ја надгледувал изградбата, се вели дека самиот тој го дал нацртот: *Périclès en donna lui-même le dessin* (Ricard, „Périclès“, cap. XXII, p. 403); решението на Таховски е буквален превод од француски: „Планот го дал самиот Перикле“ (XXII, стр. 16). На друго место во грчкиот изворник стои дека говорниците од кругот на Тукидид го напаѓале Перикле дека „ги расфрла парите и ги уништува приходите“ (*σπαθῶντος τὰ χρήματα καὶ τὰς προσόδους ἀπολλύντος*, *Per.* 14.1); Рикар превел дека го напаѓале зашто ги расфрлал парите и ја „уништувал републиката“ (*Périclès dilapidait les finances et ruinait la république*, Ricard, „Périclès“, cap. XXIV, p. 405), а Таховски исто како него: „го обвинуваа Перикле да ги растура парите и ја урива Република“ (XXIV, стр. 16). Малку подолу Плутарх пишува дека, преку последователните едногодишни мандати како стратег, Перикле успеал да си ја одржи власта најмалку петнаесет години (*οὐκ ἐλάττω τῶν πεντεκαίδεκα ἐτῶν διηνεκῆ καὶ μίαν οὖσαν ἐν ταῖς ἐνιαυσίοις στρατηγίαις ἀρχὴν καὶ δυναστείαν κτησάμενος*, *Per.* 16.3); Рикар ни пренесува дека Перикле цели петнаесет години си ја задржал надмоќта над сите други говорници (*il ne conserva pas moins de quinze ans la supériorité sur tous les autres orateurs*, Ricard, „Périclès“, cap. XXVI, p. 407), а Таховски ја повторува истата грешка: „Низ цели 15 години тој го држел првото место во ораторството“ (XXVI, стр. 17). И некои лексички решенија се очигледно резултат на влијанието на преводот на Рикар. Таховски, на пример, пренесува дека Перикле: „покажувал голема кураж“ (VIII, стр. 14; сп. Ricard, „Périclès“, cap. VIII, p. 395) и дека правел „банкети“ (XVI, стр. 15; сп. Ricard, „Périclès“, cap. XVI, p. 399), дека Одеонот бил направен по углед на „павиљонот“ на Ксеркс (XXII, стр. 16; сп. Ricard, „Périclès“, cap. XXII, p. 403), а на едно место (47, стр. 18), повторно под влијание на Рикар (cap. XLVII, p. 421), го заменува името на божицата Атена, кое го употребува на други места, со името на нејзиниот римски пандан – Минерва, и тоа на место на коешто Плутарх воопшто не ја именува божицата (*Per.* 31.2)[10].

Во преводот има три метатекстуални додатоци, вметнати во загради во самиот текст. На стр. 15 Таховски го упатува читателот на конкретно место од Тукидидовата „Историја“: „Тукидид (книга II, глава 65) ни дава претстава за карактерот на Перикле“; на стр. 16 го објаснува значењето на епитетот на Атена Ὑγίεια: „...статуата наречена Атена Хигиеа (исцелителка)“; и, малку подолу на истата страница го идентификува лекот што Атена Хигиеја му го посочила на

[10] Во изворниот текст стои: *Φειδίας ὁ πλάστης ἐργολάβος μὲν ἦν τοῦ ἀγάλματος ὥσπερ εἴρηται*, *Per.* 31.2. Во преводот на Рикар ова е пренесено: *Le statuaire Phidias avait, comme je l'ai déjà dit, entrepris de faire la statue de Minerve* (Ricard, „Périclès“, cap. XLVII, p. 421); „Скулпторот Фидија за кого рековме понапред да бил изумител на големата статуа наречена Минерва“ (47, стр. 18).

Перикле на сон: „Перикле во сонот добил совет од божиците за лекот кој требал да се употреби за лечење (тоа било растението смрдлив вртипоп)“.

Вториот текст „Од историјата на Тукидид: Говорот на Перикле“ (стр. 19–20) претставува континуиран, но нецелосен превод на последниот говор на Перикле од втората книга на Тукидидовата „Историја“ (Thuc. II.60.1–5). Веднаш по насловот, а пред почетокот на преводот, е наведено местото од изворникот од коешто е преземен извадокот: „Книга II. Глава 60“. Овој податок не е сосем прецизен затоа што шеесеттата глава од втората книга не е преведена во целост. Преводот релативно коректно го пренесува значењето на изворникот, со неколку отстапки. Едно позначајно отстапување има во самокарактеризацијата на Перикле. Во изворниот текст Перикле споменува четири свои својства: способност да го согледа тоа што треба да се направи, способност да го изложи тоа, љубов кон полисот и надмоќ над парите (*γνῶναί τε τὰ δέοντα καὶ ἑρμηνεῦσαι ταῦτα, φιλόπολίς τε καὶ χρημάτων κρείσσων*, Thuc. II.60.5). Едно од овие четири својства (*ἑρμηνεῦσαι ταῦτα*) не е преведено од страна на Таховски: „не заостанувам ни зад некој друг во просудувањето на се што се однесува до државата, и патриот сум и неподмитлив“ (стр. 20). Оваа отстапка од изворникот нè поттикна да го споредиме преводот на Таховски со други преводи. Во ниту еден од преводите што ги консултиравме не е изоставен делот *καὶ ἑρμηνεῦσαι ταῦτα*, но анализата открива повеќе видливи совпаѓања со преводот на Стјепан Телар, објавен во Загреб во 1957 година[11]. Таховски ги следи преводните решенија на Телар, а на одделни места ги презема и неговите интерпретативни дополнувања. Индикативен во оваа смисла е преводот на реченицата *ἐγὼ γὰρ ἡγοῦμαι πόλιν πλείω ξύμπασαν ὀρθουμένην ὠφελεῖν τοὺς ἰδιώτας ἢ καθ᾽ ἕκαστον τῶν πολιτῶν εὐπραγοῦσαν, ἁθρόαν δὲ σφαλλομένην* (Thuc. II.60.2). Преводното решение на Телар – „jer ja mislim, da država, koja u svemu dobro stoji, više koristi pojedincima nego ako svaki pojedini građanin živi u blagostanju, a ona cjelokupna propada“ (Telar, стр. 116) – кај Таховски е речиси дословно пренесено на македонски јазик: „јас мислам дека државата, која во се добро стои, повеќе им користи на поединците, отколку кога секој од нив живее во благостојба а таа пропаѓа“ (стр. 19). Решенијата на Телар – да го пренесе *ξύμπασαν* со прилошката определба „u svemu“ и да го преведе *καθ᾽ ἕκαστον τῶν πολιτῶν εὐπραγοῦσαν* со условната реченица „ako svaki pojedini građanin živi u blagostanju“ – претставуваат негови интерпретативни преобразби што не се непосредно наложени од структурата на реченицата на Тукидид. Нивното речиси дословно повторување кај Таховски – „во се“ и „кога секој од нив живее во

[11] Tukidid, *Povijest Peloponeskog rata*, preveo Stjepan Telar, Matica hrvatska, Zagreb, 1957.

благостојба“ – е силен показател за тоа дека тој, барем на ова конкретно место, се потпирал врз хрватскиот превод. Траги од интерпретативните преобразби и од дополнувања на Телар има на повеќе места во преводот[12], што упатува на веројатноста дека овој извадок од Тукидид е превод од посреден, во случајот, од хрватскиот јазик.

Последниот текст „Мислењето на Тукетид за Перикле“ (стр. 20) претставува скратен превод на избрани делови од Thuc. II.65.1–2 и II.65.5–10, со почетокот на II.65.11. Иако по насловот е наведено „Книга II. Глава 65“, текстот на главата не е пренесен во целост. Избрани се деловите во кои Тукидид ја опишува реакцијата на Атињаните по говорот на Перикле без податоците за неговото казнување и повторниот избор за стратег (Thuc. II.65.3–4); следи оценката на Тукидид за владеењето на Перикле, за неговите воени совети, за односот кон народот и за надмоќта над неговите наследници; извадокот завршува со споменувањето на Сицилиската експедиција; образложението на Тукидид за нејзиниот неуспех и неговиот завршен осврт кон поразот на Атина (Thuc. II.65.11–13) се изоставени. Преводот е мошне слободен и на многу места нејасен или неточен[13]. И во него е видливо присуството на преводните решенија на Стјепан Телар. И самиот наслов на извадокот „Мислењето на Тукетид за Перикле“ е превод на редакцискиот наслов во изданието на Телар „Tukididov sud o Periklu“ (Telar, стр. 119). Трагите од преводот на Телар се видливи и на синтаксичко и на лексичко ниво. Таховски го крати текстот, ги поедноставува реченицте, а неретко ја менува или ја замаглува нивната смисла. Највпечатлив пример за ова е преводот на τοῖς ἰδιώταις, букв. „на поединците“ (Thuc. II.65.7). Решението на Телар е „privatnicima“, а кај Таховски стои „на непријателите“. До ова решение тој несомнено дошол откако Теларовото „privatnicima“ го разбрал како „protivnicima“, а потоа го избрал синонимот за противник – непријател.

[12] На пример, елиптичната дел-реченица *καὶ μὴ ὃ νῦν ὑμεῖς δρᾶτε* (Thuc. II.60.4), букв. „а не [да го правите] тоа што сега вие го правите“, Телар ја превел „da izbjegavate ono što sad radite“ (Telar, стр. 116); истото решение е присутно и во македонскиот превод: „да го избегавате тоа, што го правите сега“ (стр. 19); глаголот „избегавате“ нема непосреден еквивалент во грчкиот текст, туку претставува интерпретативно дополнување на Телар. Сличен пример има и во преводот на *κακοτυχῶν δὲ ἐν εὐτυχούσῃ πολλῷ μᾶλλον διασῴζεται* (Thuc. II.60.3): Телар преведува „u sretnoj domovini, mnogo se prije izbavlja zla“ (Telar, стр. 116), а Таховски „во сретна татковина, може полесно да се спаси од лошото“. Во изворниот текст стои само *διασῴζεται*, „се спасува“, а нема експлицитна определба што би одговарала на „zla“, односно „од лошото“.

[13] Изразот *πόλεμον ἀντ᾽ εἰρήνης*, „војна наместо мир“, е пренесен како „војна место нив“; „државниот брод“ е метафора што ја нема во изворниот текст; формулацијата „во интерес свој и на сојузниците“ ја менува смислата на Thuc. II.65.7, а дативот *τοῖς ἰδιώταις*, „на поединците“, е преведен со погрешното „на непријателите“.

Преводите на Таховски во целината „Нешто од изворите“ се несомнено преводи од посредни јазици: преводот на Плутарховиот животопис на Перикле се темели врз францускиот превод на Рикар или врз некоја негова подоцнежна обработка, а преводот на извадоците од Тукидид – врз хрватскиот превод на Тукидидовите *Истории* на Стјепан Телар. Со оглед на тоа што Теларовиот превод е објавен во 1957 година, таа година е *terminus post quem* за настанувањето на овие преводи на Таховски. Начинот на кој е организиран целокупниот материјал – тезиски оглед за Перикле, придружен со преводи на извадоци од историографски дела релевантни за проучувањето на ликот и делото на Перикле – сугерира дека Таховски материјалот го конципирал како поглавје за некоја хрестоматија или историска читанка. Во втората половина од XX век во југословенскиот образовен простор биле составувани такви збирки со превод на извадоци од историографски дела на антички автори. Најпозната таква збирка е *Istorija starih Grka do smrti Aleksandra Makedonskog: U odabranim izvorima* на Милош Н. Ѓурић, објавена во 1955 година и преобјавувана уште неколкупати. Една хрестоматија од таков тип со избрани преводи – веројатно од посреден јазик – на извадоци од Херодот, Плутарх, Тукидид и Тит Ливиј е објавена и во Македонија во 1955 година[14].

4. Заклучок

Анализата на архивската целина „Перикле“ го проширува досегашниот корпус на необјавени преводи на Анастас Ѓ. Таховски и дополнително го потврдува неговиот интерес за античката историографија. Истовремено, нејзината внатрешна организација овозможува овој интерес да се согледа не само преку изборот на античките автори и дела туку и преку начинот на кој Таховски го организира и го приопштува книжевниот и историско-биографскиот материјал.

Првиот дел од целината, посветен на историскиот приказ на времето на Перикле, и вториот дел, составен од избрани преводи од Плутарх и од Тукидид, не функционираат како одделни целини и независни текстови. Историскиот приказ го воспоставува контекстот во кој е поставен ликот на Перикле, притоа организирајќи го материјалот низ категориите на политичкиот, економскиот и културниот развој што се карактеристични за историографскиот и образовниот хоризонт на македонската културна средина од втората половина на XX век. Преводите што следат ја продолжуваат оваа посредничка постапка преку избор и редукција на изворниот книжевно-историски материјал. Оттука, „Перикле“

[14] Станува збор за учебното помагало „Историска читанка за стариот век“, составена од Тодор Д. Шоптрајанов. Види Ангеловски (2020), 8.

може да се согледа како целина во која историската синтеза и преведувачкиот избор се заемно поврзани степени во конципирањето на наставно-образовната целина.

Анализата на преводот на „Животописот на Перикле“ од Плутарх покажа дека Таховски значително го редуцира изворниот текст, изоставувајќи цели поглавја, книжевни цитати, спротивставени гледишта, анегдоти и интерпретативни коментари, а избраниот материјал го поставува во низата на континуиран приказ на животот на Перикле. Притоа, зачувувањето на основното биографско јадро е проследено со значителни интервенции во структурата и содржината на изворникот. Уште позначајно е што совпаѓањата во грешките и во специфичните преводни решенија покажуваат дека овој превод е зависен од францускиот превод на Доминик Рикар, што ја открива употребата на посреден превод при преведувањето на Плутарх.

Сличен, но независно потврден модел се забележува и кај изборот на преводи од „Историјата“ на Тукидид. Совпаѓањата со преводот на Стјепан Телар, вклучително и преземањето на негови интерпретативни решенија и на одделни погрешни читања, упатуваат на тоа дека Таховски и во овој случај не работел непосредно со грчкиот изворник, туку со посреден превод. Со оглед на објавувањето на преводот на Телар во 1957 година, ова сознание го ограничува временскиот хоризонт на настанувањето на преводите на Тукидид во архивската целина „Перикле“, но не подоцна од средината на седумдесеттите години од минатиот век.

Така, истражувањето на „Перикле“ ја дополнува сликата за интелектуалниот и академски профил на Таховски не само како преведувач на антички дела туку и како посредник што античкиот историографски материјал го приспособува на конкретен читателски и образовен контекст. Изборот на фрагментите, нивното организирање според скратувањата и преструктурирањата, интерпретативните дополнувања и потпирањето врз посредни преводи покажуваат дека неговата преведувачка дејност не се одвива како едноставно пренесување на античкиот текст, туку како сложена постапка на селекција, преобразување и посредување.

Внатрешната организација на архивската целина – историски приказ проследен со избрани изворни текстови – дополнително упатува на можноста „Перикле“ да бил замислен како дел од македонска хрестоматија или историска читанка. Во таа смисла, архивската единица не е само необјавен преведувачки ракопис туку и сведоштво за еден возможен начин на приопштување на античката историографија во македонскиот културно-образовен простор од втората половина на XX век.

Нејзината вредност, според тоа, не се исцрпува во дополнувањето на библиографскиот корпус на преведени, но необјавени дела од Анастас Ѓ. Таховски. „Перикле“ овозможува попрецизно да се согледаат изборите, посредувањата и ограничувањата преку кои античкиот историографски текст станувал достапен на македонски јазик, како и начинот на кој еден преведувач го обликувал односот меѓу античкиот извор, современото историографско знаење и претпоставениот читател.

Извори

„Перикле“ БК 246
Фонд „Блаже Конески“
Архив „Харалампие Поленаковиќ“, МАНУ

Библиографија

Изворни текстови и преводи:

Plutarch, *Life of Pericles*, in *Plutarch's Lives*: *The Translation Called Dryden's*, corrected from the Greek and revised by A. H. Clough, vol. 1, Little, Brown, and Company, Boston, 1865, 318–371.

Plutarch, *Pericles*, in *Lives*, *Volume III: Pericles and Fabius Maximus. Nicias and Crassus*, with an English translation by Bernadotte Perrin, Loeb Classical Library 65, William Heinemann – Harvard University Press, London – Cambridge, MA, 1916, 1–117.

Plutarque, *Périclès*, in *Vies des hommes illustres*, traduit par Alexis Pierron, vol. 1, Charpentier, Paris, 1853, 351–403.

Plutarque, *Les vies des hommes illustres*, tome premier, traduites en français par Ricard, Didier, Paris, 1843, 385–431.

Thucydides, *History of the Peloponnesian War*. Vol. I: Books I and II, translated by Charles Forster Smith, revised edition, Loeb Classical Library 108, Harvard University Press – William Heinemann, Cambridge, MA – London, 1956.

Tukidid, *Povijest Peloponeskog rata*, preveo Stjepan Telar, Matica hrvatska, Zagreb, 1957.

Стручна литература:

Ангеловски, Д. (2020), 'Преводна рецепција на дела од античката историографија (1945 – 2000)', *Историја* LV.1, 7–19.

Ангеловски, Д. (2021), 'Феноменот на нерециперано во преводната оставнина на дела од античката литература од Анастас Ѓ. Таховски', *Спектар* XXXIX (77), 153–168.

Ивановска-Наскова, Р. и др. (2026), 'Необјавени песни и прозни записи од Конески: Материјали од Фондот „Блаже Конески“ од Архивот на Македонската академија на науките и уметностите', *Современа филологија* 9.1, 7–114.

Струве, В. В. (ред.) (1951), *Хрестоматия по истории древнего мира*, т. 2. Пикус, Н. Н. и Соколов, В. С. (сост.), *Греция и эллинизм*, Учпедгиз, Москва.

Таховски, А. (1973), 'Плутарх: Споредбени животописи: Александар', *Историја* I (13), 135–154.

Struve, V. V., Kalistov, D. P. (ur.) (1969), *Stara Grčka*, Veselin Masleša, Sarajevo

Anastas Gj. Tahovski and "Pericles": Historical Interpretation and Translational Mediation

SUMMARY

Darin Angelovski
Institute of Macedonian Literature
University Ss. Cyril and Methodius in Skopje
d.angelovski@iml.ukim.edu.mk
https://orcid.org/0000-0003-3401-4577

Svetlana Kočovska-Stevoviḱ
Institute of Classical Studies
Faculty of Philosophy
University Ss. Cyril and Methodius in Skopje
svetlana.kocovska@fzf.ukim.edu.mk
https://orcid.org/0000-0003-4930-5932

The paper examines the newly discovered archival unit *Pericles* from the collection of the Macedonian translator and publicist Anastas Gj. Tahovski, focusing on its structure, historical interpretative framework, and translational mediation. The unit consists of an authorial historical account of the age of Pericles and a selection of sources, namely translations of passages from Plutarch's *Life of Pericles* and Thucydides' *History of the Peloponnesian War*.

The analysis of the first part demonstrates that Tahovski reconstructs the Periclean period through a rich body of factual material organized according to political, economic, and historiographical categories characteristic of the educational and historiographical horizon of the mid-twentieth century. This historical framework subsequently informs the selection and organization of the source material in the second part. Comparative analysis of the translations, meanwhile, demonstrates that Tahovski did not translate directly from Ancient Greek. The Plutarch section can be traced to Ricard's French translation, whereas the Thucydides section shows substantial dependence on Stjepan Telar's Croatian translation published in 1957. This is evidenced by correspondences in formulations, lexical and syntactic solutions, as well as by the transmission of particular translational deviations and errors.

These findings allow the archival unit *Pericles* to be understood not merely as evidence of Tahovski's translation practice, but as a coherent educational and mediating conception in which historical synthesis, source selection, and translation are interconnected stages of the same process. The unit thus opens a broader perspective on the ways in which ancient historiography was mediated and made accessible within the Macedonian cultural and educational space during the second half of the twentieth century.

Keywords: Anastas Gj. Tahovski; *Pericles*; Plutarch; Thucydides; translational mediation; intermediary translations; historical interpretation; ancient historiography; archival material